РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1670/14
16.04.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 10.04.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:/**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.04.2025 година.

2. Предлог за поведување прекршочна постапка на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар за прекршување на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, за прекршување на членот 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.

4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, за прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.

5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, за прекршување на членот 98 став 2 од ЗААВМУ, односно на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники.

6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, за прекршување на членот 98 став 2 од ЗААВМУ, односно на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники.

7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, за прекршување на членот 52 од ЗААВМУ.

8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, за прекршување на членот 53 став 2 од ЗААВМУ.

9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, за прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.

10. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје, за прекршување на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

11. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје, за прекршување на членот 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.

12. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје, за прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.

13. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Сарај Скопје, за прекршување на членот 51 став 1 од ЗААВМУ.

Г-дин Петрушевски предложи точките од Дневниот ред кои се однесуваат на медиуми за кои е утврдено дека сториле повеќе прекршувања на Законот, како на пример Телевизија Шења, Телевизија 21 М и Телевизија Клан – да бидат образложени со еден заеднички вовед, а потоа за секој медиум поединечно да се спроведе одделно гласање.

Советот немаше против.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа Предложениот Записник од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.04.2025 година.

Г-дин Фиданоски истакна дека не се работи за класична корекција, туку за дообјаснување со цел неговата дискусија на страна 8 од Записникот да биде правилно разбрана. Тој претпоставува дека во Записникот е пренесено онака како што го изнел, односно дека се согласил со изнесеното од страна на раководителката Љубевска во однос на возраста на вработените и нејзиното влијание врз висината на осигурителната полиса, што е точно. Меѓутоа, тој појасни дека не станува збор за информација што ја слушнал за првпат, туку за факт што му е одамна познат. Во таа насока, истакна дека не бара корекција.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои предложениот Записник од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.04.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, поради прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), како и членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Таа информираше дека на 25ти февруари на ТВ ДУЕ ѝ била изречена мерка јавна опомена поради непочитување на горенаведените одредби, со рок за усогласување од 20 дена од денот на приемот на Решението, кое било примено на 27 февруари 2025г. Со контролниот надзор спроведен на 25ти март било утврдено дека радиодифузерот не постапил по Решението за изрекување мерка јавна опомена и не ја отстранил повредата. Имено, ТВ ДУЕ и понатаму применува своја, несоодветна сигнализација за содржини што можат да имаат потенцијално штетно влијание врз малолетниците, наместо пропишаната сигнализација утврдена во Правилникот за заштита на малолетните лица. М-р Јаневска потсети дека и овој радиодифузер, како и сите други, пред да се констатира прекршок, бил претходно двапати писмено известен преку е-пошта за обврската да ја користи соодветната сигнализација согласно Правилникот за заштита на малолетните лица. Врз основа на наведените причини, таа предложи Советот, согласно член 23 став 1 од ЗААВМУ, да донесе Одлука за поведување прекршочна постапка.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-1554/1 од 01.04.2025 на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар и утврди дека радиодифузерот не постапил по Решението за изрекување мерка – јавна опомена (УП1 бр.03-68 од 25.02.2025г.), не ја отстранил повредата, односно продолжил со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица.

Советот едногласно заклучи против ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар да се поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот програмски надзор е констатирано дека на 25 март 2025 година, пред емитувањето на повеќе програми од прва, втора и четврта категорија беше употребена неправилна предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, што не е пропишана во Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точки 3 и 4**

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, поради прекршување на член 92, ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), како и на член 14 од Законот за медиуми. Таа информираше дека и двете прекршувања се констатирани при редовните програмски и административни надзори спроведени во март оваа година. Во рамки на редовниот програмски надзор било утврдено прекршување на обврската за емитување македонски аудиовизуелни дела, предвидена во член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ. Имено, радиодифузерот е должен да емитува најмалку 30% македонски аудиовизуелни дела во текот на денот, од кои половина треба да бидат емитувани во периодот од 7 до 19 часот. Според надзорот, ТВ Шења емитувала само 20,78% такви содржини во текот

на денот. Во периодот од 7 до 19 часот, емитувала 2 часа, 24 минути и 31 секунда македонски аудиовизуелни дела, наместо потребните 3 часа и 34 секунди, колку што било предвидено според структурата на програмата. Поради овие причини се предлага изрекување мерка јавна опомена, со рок за усогласување од 20 дена од денот на приемот на Решението. По истекот на овој рок, ќе се изврши контролен надзор за проверка на усогласеноста со законските обврски. Во однос на второто прекршување, образложено во точка 4, м-р Јаневска појасни дека со административниот надзор било констатирано прекршување на член 14 од Законот за медиуми, кој се однесува на обврската за објавување на импресум. И за ова прекршување се предлага изрекување мерка јавна опомена, исто така со рок за усогласување од 20 дена, по што ќе следи контролен надзор.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-1259/1 од 25.03.2025г. и едногласно заклучи на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, затоа што на 5 март 2025 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022г., му се наложи во рок од 20 дена (дваесет) од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-1349/1 од 27.03.2025 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 4 март 2025 година, не ги објави податоците за импресумот на документарната програма „Al Jazeera hulumton (Al Jazeera – Investigations)".

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузно друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, поради прекршување на член 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), односно на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники. Таа информираше дека прекршувањето е утврдено при редовен програмски надзор спроведен во март, и се однесува на непочитување на правилата за емитување реклами на поделен екран, еден од облиците на нови рекламни техники. Согласно член 14 став 4 од Правилникот, кога се инсертираат реклами на поделен екран во рамки на програмата, меѓу секоја група вакви реклами мора да помине најмалку 15 минути, со цел да се зачува интегритетот на аудиовизуелните дела. Кај радиодифузерот било утврдено дека во повеќе наврати, во рамки на различни програмски содржини, оваа временска одредба не е почитувана, односно реклами на поделен екран биле емитувани со интервали пократки од пропишаните 15 минути. Врз основа на наведеното, се предлага изрекување мерка јавна опомена, со рок за усогласување од 10 дена од денот на приемот на решението. По истекот на рокот, ќе се изврши контролен надзор за да се утврди дали радиодифузерот постапил согласно законските барања.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-1371/1 од 27.03.2025г. и едногласно заклучи на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на членот 98 став 2 од ЗААВМУ, односно на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, затоа што на 4 март 2025 година, во премиерните и репризните изданија на емисиите „Проект здравје", „Градиме да трае" и „Зготвено над облаци", беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022г., му се наложи во рок од 10 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на

надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 6, 7, 8 и 9**

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, поради четири констатирани прекршувања, три утврдени со редовен програмски надзор и едно со административен надзор. Во однос на прекршување на член 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (Точка 6), објасни дека како и кај радиодифузерот НАША ТВ, и кај ТВ 21-М е утврдено дека при емитување реклами на поделен екран не е испочитувано правилото меѓу две вметнувања на реклами да има временска пауза од најмалку 15 минути, со цел зачувување на интегритетот на програмата. Предложи јавна опомена со рок за усогласување од 10 дена од приемот на решението, по што ќе се изврши контролен надзор. Во врска со прекршување на член 52 од ЗААВМУ, обврски при организирање наградни програми (Точка 7), наведе дека при емитување програма со наградно учество, не се испочитувани обврските за транспарентност, не се објавени јасни правила за учество, трошоци, ограничувања, вид на награди и начинот на нивно доделување, ниту тие информации се објавени на веб-страницата на радиодифузерот, ниту се доставени до Агенцијата. Предложи да се изрече мерка јавна опомена со рок за усогласување од 20 дена од денот на приемот на Решението, по што ќе се изврши контролен надзор. За прекршувањето на член 53 став 2 од ЗААВМУ, забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации (Точка 8), објасни дека во премиерното издание на емисијата „Повикај го 21“, било констатирано прикриено рекламирање на оптиката „Капри“ преку изјави на водителот, со што се поттикнуваат гледачите да ја посетат оптиката за купување очила. Во извештајот се наведени конкретни цитати од изјавите. Се предлага мерка јавна опомена со рок за усогласување веднаш по приемот на решението, по што следува контролен надзор. И последното прекршување е на член 14 од Законот за медиуми, административен надзор за објавување на импресум (Точка 9), односно во неколку програмски содржини емитувани во анализираниот ден, не е испочитувана законската обврска за емитување на импресум. Се предлага мерка јавна опомена со рок за усогласување од 20 дена од приемот на решението, по што ќе се спроведе контролен надзор.

*<u>Гласање по Точка 6</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-1367/1 од 27.03.2025г. и едногласно заклучи на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на членот 98 став 2 од ЗААВМУ, и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, затоа што на 4 март 2025 година, во премиерното издание на емисијата „Thirre 21-shin (Повикај го 21)“, беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од

07.11.2022г., му се наложи во рок од 10 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 7</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-1366/1 од 27.03.2025г. и едногласно заклучи на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на членот 52 од ЗААВМУ, затоа што на 4 март 2025 година, во емисијата „Thirre 21-shin (Повикај го 21)" актуелно-информативно говорно шоу во кое има можност и за наградно учествување на гледачите, давателот на аудиовизуелната медиумска услуга не обезбеди ниту недвосмислено објавување на правилата, ниту информации за јавно ветената награда. Соопштението, пак, кое го објавил на својата интернет-страница, не ги содржи потребните информации пропишани во подзаконскиот акт - Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022г., му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 8</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за редовен програмски надзор, бр.10-1370/1 од 27.03.2025 година и едногласно заклучи на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ, затоа што на 4 март 2025 година во премиерното издание на актуелно-

информативното говорно шоу „Thirre 21-shin (Повикај го 21)“, беше емитувана прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација за „Оптика Капри“.

Во согласност со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи веднаш по приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 9</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за редовен административен надзор, бр.10-1351/1 од 27.03.2025 година и едногласно заклучи на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 4 март 2025 година не објави податоците за импресум на емисиите „#21 Reportazhe” и „Për ditë të mbarë”.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 10, 11, 12 и 13**

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, поради четири констатирани прекршувања, од кои две се утврдени со редовен програмски надзор и две со административен надзор, реализирани во март оваа година. Во однос на прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица (Точка 10), објасни дека станува збор за емитување програми од трета категорија, соодветно означени со 12+, но во несоодветни временски термини. Согласно Правилникот, овие програми смеат да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот. Кај радиодифузерот

е утврдено емитување надвор од дозволениот период. Се предлага мерка јавна опомена, со рок за усогласување од 20 дена од денот на приемот на Решението, по што ќе следи контролен надзор. За прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, обврска за емитување македонски аудиовизуелни дела (Точка 11), објасни дека во анализираниот ден е констатирано дека радиодифузерот емитувал само 3,27% македонски аудиовизуелни дела, наместо пропишаните најмалку 30%. Исто така, не е испочитувана обврската половина од тие дела да се емитуваат во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Се предлага мерка јавна опомена, со рок за усогласување од 20 дена, по што ќе се изврши контролен надзор. Прекршувањето на член 14 од Законот за медиуми, административен надзор (Точка 12), објасни дека во повеќе програмски содржини во анализираниот ден, не бил емитуван импресум, со што не е исполнета законската обврска за информирање на јавноста. Се предлага мерка јавна опомена, со рок за усогласување од 20 дена, по што ќе се спроведе контролен надзор. Прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ, пристап до информации за давателот на услугата (Точка 13), утврдено е дека радиодифузерот не обезбедува лесен, директен и постојан пристап до основните информации за себе како давател на аудиовизуелна медиумска услуга, што е обврска согласно Законот. Се предлага марка јавна опомена, со рок за усогласување од 20 дена од приемот на Решението, по што ќе следи контролен надзор.

*Гласање по Точка 10*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за редовен програмски надзор, бр.10-1369/1 од 27.03.2025 година и едногласно заклучи на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, затоа што на 4 март 2025 година епизоди од играните серијали: Nënë (Majka)“, „Merjem“ и „Tradhetia (Неверство)“, означени како програми од трета категорија (12+), беа емитувани во несоодветни временски периоди од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 11*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за редовен програмски надзор, бр.10-1256/1 од 25.03.2025 година и едногласно заклучи на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, да му изрече мерка јавна опомена

за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, затоа што на 5 март 2025 година не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 12*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за редовен административен надзор, бр.10-1350/1 од 27.03.2025 година и едногласно заклучи на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 4 март 2025 година не објави импресум на образовните емисии со верска содржина: „Merr Frymë“ („Диши“) и „N’konak te Hoxha“ („Во конакот на Оџата“) и на актуелно-информативната емисија „Klan debat“.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 13*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за редовен административен надзор, бр.10-1348/1 од 27.03.2025 година и едногласно заклучи на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, да му изрече мерка јавна

опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 4 март 2025 година не ги објави информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената опомена (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**